**Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14,44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).**

При примена на планските решенија на урбанистички проект за се што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Сл.весник на Р.М. бр.117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл.весник на Р.М. бр.76/06) и Уредба за спроведувањето на мерката заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи (Службен весник на Република Македонија, број 100/10).

**6.21 Други мерки согласно мислења од надлежни субјекти со јавни овластувања од член 47 од закон за урбанистичко планирање**

• Агенција за електронски комуникации со број 1404-1660/2 од 03.06.2022г - нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

• Агенција за цивилно воздухопловство со број 12-8/522 од 26.05.2022г - може да се планира без посебни услови и ограничувања.

• Дирекција за заштита и спасување поддрачно одделение Неготино со бр. 09/3-54/2 од 02.06.2022г. – Доставува податоци и информации за мерки кои треба да се превземат и почитуваат во Урбанистичкиот Проект.

• Јавно претпријатие за државни патишта бр.10-5316/2 од 02.06.2022 г. не се граничи со државен пат во надлежност на Јавно претпријатие за државни патишта.

• АД МЕПСО Скопје Известување бр.11-3093/1 од 30.05.2022г не се пресекува со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

• Општина Демир Капија - Известување бр.10-145 од 02.06.2022г –Прилог: Извод од план: 39 (УП вон населено место за изградба на Е2-Комунална супраструктура - Фотоволтни централи на КП21/1, КП21/2, КП230/2, КП230/1 и КП1208, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија) со број 08-178/7 од 04.03.2022.

• ЕВН Ад Скопје со број 10-26/3-250 од 02.06.2022г – во границите на планскиот опфат нема ЕВН елекенергетски инсталации.

• Македонски телеком АД Скопје Известување со број 43406 од 02.06.2022г – во границите на планскиот опфат нема постојна мкт инфраструктура.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**ИЗВОД БРОЈ:** 40

Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална супраструктура – Фотоволтни централи на КП 256 и дел од КП 21/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија

**Број:** УП I 10-71 од 28.03.2022

**УПВНМ :**

Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и локален економски развој

**Одлука бр.:** 08-178/6 **од** 04.03.2022

**Намена на градба:** Е2 – комунална супраструктура

**К.О.** Бистренци К.П. **КП 256 и дел од КП 21/1**

**ДЛ:** _____ (број на детален лист) М 1: 2000 (размер)

**ИЗВОД ЗА** Цел опфат

**СОДРЖИ:**

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. **Заверена копија од синтезен план во идентична форма**
   - легенда
   - табела со нумерички показатели

   **По потреба и заверена копија од други графички прилози со легенда**

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

   **Заверена копија од:** општите и посебните услови за градење, мерки за заштита на културното наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.

   **По потреба заверена копија од други услови**

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

**Изготвил: Билјана Толкова**

**Контролирал: Тони Петков**

**Одобрил: Благој Јовановски**

**Градоначалник**

**Лазар Петров**


ЛЕГЕНДА
оптат
граници на катастарски парцели
состојба од терен - пат, улица
состојба од терен - воден тек
изохипси 1 м
187.34 надморска висина
изохипса 5 м
46 број на дет. точка
поплавни линии
21/1 број на катастарска парцела
ГЕО ТОПОКАТ доо Подружница Неготино
изработил, Доне Ѓорѓиев овластен геодет
344
E2 H=6.0m
E1
Д2
E2
E1
E2 H=6.0m
E2 H=6.0m
E2
E2
E2

# ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## 1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД, ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ОПШТИНА НА КОЈА ПРИПАЃА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Предмет на задачата е изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална Супраструктура - Фотоволтни централи на КП 256 и дел од КП 21/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија - плански период 2019 - 2029 со површина 8,07ha.

Со овој план се утврдува намената и начинот на користење на просторот како и условите за градење. Со планот опфатот е конципиран во една целина - дефиниран Блок 1, со вкупно 4 градежни парцели со намена Е2 - Комунална супраструктура - фотоволтни централи со капацитет до 1 MW. Покрај парцелираното земјиште, планирано е и земјиште за општа употреба со намена Е1 - Комунална инфраструктура - сообраќаен пристап до секоја градежна парцела.

Планот се изработува како Урбанистички план вон наеселно место со дефинирање на градежни парцели, со плански период од 10 години, односно 2019-2029.

Планската документација е изработена во сè според Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко – плански документации и архитектонско – урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник на Република Македонија, број 142/15), како и другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

## 2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

За планскиот опфат за **Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална Супраструктура - Фотоволтни централи на КП 256 и дел од КП 21/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија** предвидени се следните класи на намени:

- Д1 – Заштитно зеленило
- Е2 - Комунална супраструктура (фотоволтни централи)
- Е1 - Комунална инфраструктура (сообраќајни површини)

Површината на планскиот опфат е неизградено земјиште. Со планот се формираат градежни парцели и се предвидуваат површини за градба со намена во согласност со Условите за планирање на просторот.

Бидејќи станува збор за неизградено земјиште, **Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална Супраструктура - Фотоволтни централи на КП 256 и дел од КП 21/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија** претставува планирање на нови градежни

парцели во рамки на КП 256 и дел од КП 21/2 КО Бистренци и обезбедување на пристап до новопланираните градежни парцели.

Растојанијата помеѓу објектите се во согласност со член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Висините на објектите се во склад со член 45 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), каде се предвидени за секоја површина за градба - градежна парцела поединечно. Покрај максималната висината на венец, во нумеричките податоци се дадени максималните катности на планираните висини за градба.

Урбанистичкиот план за овој простор овозможува сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела, односно објект од секундарна улична мрежа.

## 3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Со **Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална Супраструктура - Фотоволтни централи на КП 256 и дел од КП 21/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија** предвидени се следните групи на класи на намени и класи на намени:

**Д- Зеленило и рекреација**

Д1 – Заштитно зеленило

**Е- Инфраструктура**

Е1 - Комунална инфраструктура (примарна и секундарна улична мрежа и други инфраструктурни системи)

Е2 - Комунална супраструктура (фотоволтни централи)

Во рамки на планскиот опфат се формирани 4 градежни парцели со намена Е2 - Комунална супраструктура - фотоволтни централи со вкупна површина од 75433,04м². Процентот на изграденост е 70%, а коефициентот на искористеност е 0.70.

Површината по намени е презентирана табеларно:

| УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - ФОТОВОЛТНИ ЦЕНТРАЛИ НА КП 256 И ДЕЛ ОД КП 21/1, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА | | |
|---|---|---|
| Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО | 728.46 m² | 0.90% |
| Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | 4453.79 m² | 5.52% |
| Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА | 75534.36 m² | 93.58% |
| ВКУПНО | 80716.61 m² | 100.00% |

## 3.1. ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Во рамки на планскиот опфат се формирани градежни парцели соодветно нумерирани во графичките прилози. Во границите на предметниот просторен опфат е извршен е обележување на градежните парцели со нумерација на секоја градежна парцела посебно и тоа со арапски цифри со единствена ознака за самата парцела; на пр. ГП1 е градежна парцела 1 во рамките на планскиот опфат.
Според оваа нумерација се изработени урбанистички параметри за секоја градежна парцела поединечно, на ниво на планскиот опфат прикажани во синтезниот приказ и во нумеричките податоци.

## 3.2. КЛАСА НА НАМЕНИ

Со Планот се утврдени следните класи на намени:

**Д- Зеленило и рекреација**
- Д1 – Заштитно зеленило

**Е- Инфраструктура**
- Е1 - Комунална инфраструктура (примарна и секундарна улична мрежа и други инфраструктурни системи)
- Е2 - Комунална супраструктура (фотоволтни централи)

За градежните парцели со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура /Фотоволтни централи со капацитет до 1MW, не се планираат компатибилни класи на намена во однос на основната класа.

За овие градежни парцели зададен е услов за понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект. Во понатамошните фази на разработка за секоја градежна парцела поединечно е потребно да се предвиди трафостаница за сопствени потреби – во функција на производството на енергија.

## 3.3. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Сообраќајниот концепт за локалитетот кој е предмет на изработка на овој УПВНМ е поставен врз основа на постојната состојба и урбанистичкиот концепт за намена на површините.

Пристапот до локалитетот е од постоен некатегоризиран пат, кој тангира со западната граница на планскиот опфат. Од постојниот некатегоризиран пат за пристап до секоја градежна парцела планирана е индустриска улица. На западната граница на планскиот опфат планиран е уште еден влез/ излез од локалитетот.

Со овој урбанистички план се планираат сообраќајници од секундарна улична мрежа за пристап до секоја градежна парцела.

1. Новопланирана индустриска улица

- тротоари..... 3,00m
- коловоз..... 7,00m

Вкупно: 10,00m

Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Со оглед на планираната намена на просторот, во самиот плански опфат нема да има постојано вработени лица, односно се очекува единствено повремено посетување од служби за одржување на фотонапонските централи. Оттаму, и потребите за паркирање се минимални. Фактичкиот потребен број на паркинг места ќе се утврди во понатамошните фази – со проектна документација во зависност од потребите за градбите и специфичните услови кои произлегуваат од нивната намена, а за секоја градежна парцела поединечно.

## 3.4. НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Со изработка на урбанистички план, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за локалитетот. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на индустриските сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

При проектирањето на нивелетата се почитува природниот пад на теренот. Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на максимално дозволените исклучителни подолжни наклони.

## 3.5. ЕЛЕКТРО ИНФРАСТРУКТУРА И ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Во планскиот опфат се планираат вкупно 4 градежни парцели, сите со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура /Фотоволтаични централи со капацитет до 1MW/.

Проектираниот капацитет за производство на електрична енергија е до 1MW за секоја од овие новопланирани градежни парцели.

За градежните парцели зададен е услов за понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект. Во понатамошните фази на разработка за секоја градежна парцела поединечно е потребно да се предвиди трафостаница за сопствени потреби – во функција на производството на енергија.

Поврзувањето со постојната електроенергетска мрежа ќе биде детално разработено во понатамошните фази – при изработка на основни проекти. Истото треба да се реализира во соработка со правните субјекти кои управуваат со електроенергетските мрежи.

Западно од планскиот опфат има постојна електрична инфраструктура која е внесена во графичките прилози.

## ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Не се планира изведба на телекомуникациска инфраструктура.
Со оглед на планираната намена на просторот, во самиот плански опфат нема да има постојано вработени лица, односно се очекува единствено повремено посетување од служби за одржување на фотонапонските централи. За предвидената намена - фотоволтни централи нема потреба од телекомуникациска инфраструктура.

## 3.6. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

### ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Согласно намената Е2 – Комунална супраструктура /Фотоволтни централи со капацитет до 1MW, не е потребно водоснабдување за предметниот локалитет и не се планира водоводна мрежа.

Доколку понатака се појави потреба од водоснабдување, истото ќе се предвиде во понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект.

### ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Согласно намената Е2 – Комунална супраструктура /Фотоволтни централи со капацитет до 1MW, не е потребно одведување на фекална канализација за предметниот локалитет и не се планира канализациона мрежа.

Доколку понатака се појави потреба од фекална канализација, истата ќе се предвиде во понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект.

### АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, средниот коефициент на отекување, коефициентот на ретардација (задоцнување) и интензитетот на врнежи кој ќе се земе дека е i=110l/sec/ha.

$$Q = \Sigma F \times i \times \Psi \times \varphi$$

Каде:
F – вкупна сливна површина (ха)
i – специфичен истек (110)
Ψ – просечен коефициент на истекување (0.5)

Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува:

F =8,07ha

Според тоа количината на атмосферска вода за одводнување изнесува:

$$Q = 8,07 \times 110 \times 0.5 = 443,85 \text{ л/сек}$$

Усвоено е цевките за атмосферска канализација да бидат Ø300mm по трасите на сообраќајна мрежа, со минимален пад од 0,25%.

# 4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

4.1 Општите и Посебните услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на Планската документација на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална Супраструктура - фотоволтни централи на КП 256 и дел од КП 21/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија и имаат правно дејство само врз градителска

активност која ќе следи по стапување во сила на урбанистички план.

4.2 Податоците кои се евидентирани на ажурираната геодетска подлога во Документационата основа на УПВНМ, се третираат како постојна состојба.

4.3 Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална Супраструктура - Фотоволтни централи на КП 256 и дел од КП 21/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија, чии граници се опишани во Планската документација, а посебните услови се однесуваат на секоја градежна парцела поединечно.

4.4 Изградбата на нови градби, како и изградбата на планирани сообраќајници и комунална инфраструктура и супраструктура ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото, а во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.5 Во табеларниот приказ што е составен дел на нумеричките показатели и посебните услови за изградба, прикажани се следните податоци за градежните парцели:

- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела ($m^2$);
- површина за градење ($m^2$);
- процент на изграденост (%);
- вкупна развиена површина по катови ($m^2$);
- коефициент на искористеност на земјиштето (k);
- основна класа на намена на земјиштето и градбите;
- максимален број на катови;
- максимална дозволена висина на венец;

Сите овие услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.6 Стационарниот сообраќај – паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела.
Бројот на паркинг места ќе се дефинира во зависност од содржината и потребите на градбата, а ќе се определи согласно членовите 58 и 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

- Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.

4.7 Со планската документација се одредени и следните услови:

- облик и големина на градежна парцела ($m^2$);
- површина за градба со градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради една или повеќе градби - комплекс од градби ($m^2$);

ИН ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија 2018

4.8 Во градежните парцели во кои се утврдени апроксимативни површини за градење може да се градат една или повеќе градби. Градежната парцела во која ќе се градат повеќе градби (комплекс од градби) да се разработи со Архитектонско – урбанистички проект според претходно дефинирана проектна програма.

4.9 За градежните парцели со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура /Фотоволтаични централи со капацитет до 1MW/ котата на приземната плоча ±0,00м или нулта точка во однос на која се мери височината до хоризонталниот венец на градбите ќе се одреди во понатамошните фази на реализација – при изработка на проекти, при што истата се одредува поединечно за секоја градба, односно фотоволтаичен панел, во однос на теренот на лице место.

4.10 Градежната парцела во рамките на планскиот опфат може да се огради, а типот и висината на оградата ќе се определи според намената на објектот и другите барања за заштита.

4.11 Површините наменети за движење на пешаци, секаде каде е тоа можно според конфигурацијата на теренот да бидат континуирани, без скали и со максимален подолжен наклон од 8,33%, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

4.12 При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност од 20% на зеленилото во дворните места на градежните парцели согласно Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија бр.11/18) и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците.

4.13 Доколку при реализација на **Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална Супраструктура - Фотоволтни централи на КП 256 и дел од КП 21/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија**, се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

За сè што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

## 5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ

### УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА Е2 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА КО БИСТРЕНЦИ

#### КЛАСА НА НАМЕНИ:

Во рамки на планскиот опфат се планираат градежни парцели со површини за градење со следните основни класи на намени:

**Д- Зеленило и рекреација**

Д1 – Заштитно зеленило

**Е- Инфраструктура**

Е1 - Комунална инфраструктура (примарна и секундарна улична мрежа и други инфраструктурни системи)
Е2 - Комунална супраструктура (фотоволтни централи)

## ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ:

Во рамките на опфатот дефинирани се 4 градежни парцели. Градежните парцели се формирани почитувајќи ги границите на постојните катастарски парцели или на група на катастарски парцели.

### Градежна парцела 1

**Основна класа на намена**: Е2 - Комунална супраструктура

За градежните парцели со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура /Фотоволтни централи со капацитет до 1MW/, не се планираат компатибилни класи на намена во однос на основната класа.

**Висина на венец**: 6,00м

**Број на катови**: П

**Пристап до парцела :** од Новопланирана индустриска улица

**Паркирање:** Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Зеленило:** Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела, потребно е да изнесува минимум 20%.

Парцелата е предмет на понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект согласно член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18). Во понатамошните фази на разработка за секоја градежна парцела поединечно е потребно да се предвиди трафостаница за сопствени потреби – во функција на производството на енергија.

Пред издавање на одобрение за градење да се изработи и одобри соодветна урбанистичко планска-проектна документација за пристапен пат (индустриска улица) за поврзувањето на планираната индустриска улица до мрежата на државните патишта.

### Градежна парцела 2

**Основна класа на намена**: Е2 - Комунална супраструктура

За градежните парцели со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура /Фотоволтни централи со капацитет до 1MW/, не се планираат компатибилни класи на намена во однос на основната класа.

**Висина на венец**: 6,00м

**Број на катови**: П

**Пристап до парцела :** од Новопланирана индустриска улица

**Паркирање:** Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Зеленило:** Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела, потребно е да изнесува минимум 20%.

Парцелата е предмет на понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект согласно член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18). Во понатамошните фази на разработка за секоја градежна парцела поединечно е потребно да се предвиди трафостаница за сопствени потреби – во функција на производството на енергија.

Пред издавање на одобрение за градење да се изработи и одобри соодветна урбанистичко планска-проектна документација за пристапен пат (индустриска улица) за поврзувањето на планираната индустриска улица до мрежата на државните патишта.

**Градежна парцела 3**

**Основна класа на намена**: Е2 - Комунална супраструктура

За градежните парцели со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура /Фотоволтни централи со капацитет до 1MW/, не се планираат компатибилни класи на намена во однос на основната класа.

**Висина на венец**: 6,00м

**Број на катови**: П

**Пристап до парцела :** од Новопланирана индустриска улица

**Паркирање:** Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Зеленило:** Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела, потребно е да изнесува минимум 20%.

Парцелата е предмет на понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект согласно член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18). Во понатамошните фази на разработка за секоја градежна парцела поединечно е потребно да се предвиди трафостаница за сопствени потреби – во функција на производството на енергија.

Пред издавање на одобрение за градење да се изработи и одобри соодветна урбанистичко планска-проектна документација за пристапен пат (индустриска улица) за поврзувањето на планираната индустриска улица до мрежата на државните патишта.

**Градежна парцела 4**

**Основна класа на намена**: Е2 - Комунална супраструктура

За градежните парцели со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура /Фотоволтни централи со капацитет до 1MW/, не се планираат компатибилни класи на намена во однос на основната класа.

**Висина на венец**: 6,00м

**Број на катови**: П

**Пристап до парцела :** од Новопланирана индустриска улица

**Паркирање:** Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Зеленило:** Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела, потребно е да изнесува минимум 20%.

Парцелата е предмет на понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект согласно член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18). Во понатамошните фази на разработка за секоја градежна парцела поединечно е потребно да се предвиди трафостаница за сопствени потреби – во функција на производството на енергија.

Пред издавање на одобрение за градење да се изработи и одобри соодветна урбанистичко планска-проектна документација за пристапен пат (индустриска улица) за поврзување н планираната индустриска улица до мрежата на државните патишта.

## 6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Законската регулатива со која се регулира заштитата на животната средина, релевантна за изработка на **Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална Супраструктура - Фотоволтни централи на КП 256 и дел од КП 21/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија**, со плански период 2019 – 2029 год., е следната:

- Закон за животната средина (Службен весник на Република Македонија, број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот (Службен весник на Република Македонија, број 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на Република Македонија, број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- Закон за водите (Службен весник на Република Македонија, број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Уредба за класификација на водите (Службен весник на Република Македонија, број 18/99);

- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Службен весник на Република Македонија, број 18/99 и 71/99);
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

## 6.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

– Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички план за вон населено место за изградба на Е2 – Комунална супраструктура - фотоволтаични централи, КО Бистренци, Општина Демир Капија, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

– Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.

– Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

– Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

– Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.

– Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

### 6.1.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

Се препорачува да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Зелените површини во планскиот опфат да се уредат со автохтони видови со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.

Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15).

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1. Инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2. Обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

Мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

1. Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат систем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2. Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдување на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

Потребно е да се изврши озеленување на просторите околу објектите во рамките на секоја градежна парцела поодделно, со што ќе се изврши подобрување на микроклимата во локалитетот.

### 6.1.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ПОЧВАТА

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности зазема доминантно место во урбанизираниот дел на општината. Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење.

Традиционалните метода за третман на контаминираните локалитети со тешки метали (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) може да бидат направени ин-ситу, на самата локација, или ец-ситу, преку отстранување на почвата и спроведување на третманот на друга локација.

Фиторемедијацијата е најповолна метода за отстранување, деградација или апсорбција на тешките метали во почвата преку правилен избор на растенија, хиперакумулатори, на контаминираната површина. Најприменувани механизми за фиторемедијација се ризофилтрација, фитоекстракција и фитостабилизација.

### 6.1.3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина да се преземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цела да се избегнат негативни ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранишни вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата. Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата.

Во рамки на планскиот опфат не се планира голема фреквенција на возила кои би биле извор на прекумерна бучава.

## 6.1.4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА И БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ

Со Законот за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18); предвидено е да се преземаат и мерки за заштита на природата и биолошката разновидност. Согласно Член 47 од овој Закон предвидено е заштитата на екосистемите и живеалиштата да се остварува преку спроведување на мерки и активности за заштита на природата, одржливото користење на природните богатства и планирањето и уредувањето на просторот. Надлежниот орган за вршење на стручни работи од областа на заштитата на природата ја следи состојбата со загрозените и значајните живеалишта во екосистемите согласно со одредбите на овој закон.

Согласно Законот за заштита на природата предвидени се и Мерки за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност, Член 50.

(1) Мерките за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата по претходно прибавено мислење од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството, шумарството, ловството и рибарството.

(2) Мерките за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност се вклучуваат во изработката на просторните и урбанистичките планови.

(3) Физичките и правните лица кои вршат дејности на подрачјето на распространување на типовите живеалишта се должни да ги спроведуваат пропишаните мерки од ставот (1) на овој член.

## 6.1.5. УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Создавачите на отпад се должни, во најголема мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

При управување си отпадот, по претходно извршена селекција, отпадот треба:

- да биде преработен по пат на рециклирање, повторна употреба или во друг процес за екстракција на секундарните суровини, или
- да се користи како извор на енергија

Правните и физички лица кои преземаат одредени активности во процесот на производство, се должни да употребуваат суровини со чија преработка се создава помалку отпад, да применуваат технологии кои обезбедуваат почисто производство и кои ги штедат природните ресурси, односно да произведуваат производи кои што, при нивното производство и употреба, не ја загадуваат животната средина или загадувањето да го сведат на најмала можна мера, во согласност со начелата за одржлив развој.

Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период трба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвикување нарушување на животната средина.

Надлежните органи за Република Македонија, општините, правните и физичките лица кои управуваат со отпадот, во согласност со овој закон, се должни да донесуваат и да спроведуваат стратешки, плански и програмски документи за управување со отпадот.

План за управување со отпад на РМ, се донесува за период од шест години. За реализација за Планот за управување со отпад на РМ, советот на општините, донесуваат план за управување со отпадот на општината, за период од три години, а не подолго од шест години.

За складирање на цврстиот отпад се предвидува поставување на канти и контејнери за отпадоци на погодни места и нивно редовно евакуитање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување на почвата и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина.

## 6.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија, број 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и Законот за управување со кризи (Службен весник на Република Македонија, број 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Врз основа на Член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите,

2. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и

3. при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1. изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;

2. регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;

3. изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;

4. обезбедување на противпожарни пречки;

5. изградба на објекти за заштита и

6. изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на урбанистичкиот план вон населено место, за сè што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, број 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, број 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, број 8/05).

## 6.2.1 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

На површината на предметниот плански опфат на **Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална Супраструктура - Фотоволтни централи на КП 256 и дел од КП 21/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија**.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот центар Демир Капија, би изнесувал околу 15мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80mm. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од

пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

### 6.2.2 ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

### 6.2.3 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 10,00m, на коридорот на улиците;
- објектите се со кота на венец до 10,0m;
- при рушење објектот ја зафаќа h/2 од површината околу себе, односно руините се во најголем дел во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од IX степени МСЗ, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

### 6.2.4 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ТЕХНИЧКО - ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти и заштита

на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Услови за заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи:

- потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- потребна е замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци и редукција на емисија на бензин, хлорометан, дихлоретан, бакар и кадмиум, намалување на емисијата на јаглероден диоксид и сулфур диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

## 6.2.5 СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Планираната улична мрежа за документација на **Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална Супраструктура - Фотоволтни централи на КП 256 и дел од КП 21/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија**, е планирана улична мрежа од индустриски улици за пристап до секоја градежна парцела.

Стационарниот сообраќај е решен согласно член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на Демир Капија би изнесувало помалку од 15мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот центар Демир Капија би изнесувал околу 15 мин.

## 6.2.6 РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата

- дозиметриска контрола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

### 6.2.7 ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.
Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на Демир Капија би изнесувал околу 15 мин.

### 6.2.8 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА РАСТЕНИЈА И ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

### 6.2.9 АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на загинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работна средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.
Носителите на одделните активности за асанација на теренот ќе се утврдуваат според надлежноста за предметниот реон.
Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

i. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
ii. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот

сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и

iii. при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на Урбанистичкиот план вон населено место, за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија,бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, бр. 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, бр. 8/05).

## 6.3. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БАРИЕРИ ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Составен дел на овој Урбанистички план се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат. Ова особено се однесува на уредувањето на земјиштето за општа употреба во рамките на планскиот опфат, а пред сè планираната улична мрежа.

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите јавни пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации, со најголем подолжен наклон од 2,30%.

При изработка на проекти за уличната мрежа, на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.

## 6.4. ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Во границите на опфатот на планот не постои регистрирано културно наследство, ниту објекти за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

НУ Национален конзерваторски центар - Скопје по извршениот увид има доставено стручно мислење бр 08-77/4 од 02.09.2020 во кое се наведува дека на територијата на с. Бистренци има евидентирани археолошки локалитети, но не се во рамки на планскиот опфат.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

# НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

## 1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Планот предвидува урбанизирање со почитување на законските одредби и нормативи.

**Во рамките на опфатот формирани се 4 градежни парцели.**

**Просечен бруто процент на изграденост изнесува 70,0%**

**Просечен бруто коефициент на искористеност изнесува 0,70**

**Бруто максималната развиена површина на ниво на плански опфат е 53039,95m²**

**Просечен бруто процент на изграденост на ниво на опфат изнесува 65,7%**

**Просечен бруто коефициент на искористеност на ниво на опфат изнесува 0,66**

**Планирани површини по класи на намена на ниво на цел опфат**

| УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - ФОТОВОЛТНИ ЦЕНТРАЛИ НА КП 256 И ДЕЛ ОД КП 21/1, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА | | |
|---|---|---|
| Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО | 728.46 m² | 0.90% |
| Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | 4453.79 m² | 5.52% |
| Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА | 75534.36 m² | 93.58% |
| ВКУПНО | 80716.61 m² | 100.00% |

Планирани површини за градење по намена на градбите, урбанистички параметри како што се процентот на изграденост на земјиштето, коефициент на искористеност на земјиштето, површини на градежните парцели, планираните површини за градење, висините на планираните градби. Табелата ги прикажува урбанистичките параметри на ниво на градежна парцела и на ниво на плански опфат.

| Нумерација на парцела | Група на класи на намена | Основна класа на намена | Компатибилни класи на намена | Површина на градежна парцела (m²) | Површина за градба (m²) | Висина на хоризонтален венец | Катност | Развиена бруто површина (m²) | Процент на изграденост | Коефициент на искористеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Е | Е2 | - | 14596.60m² | 10217.62m² | 6.00м | П | 10217.62m² | 70.0% | 0.70 |
| 2 | Е | Е2 | - | 21000.21m² | 14700.15m² | 6.00м | П | 14700.15m² | 70.0% | 0.70 |
| 3 | Е | Е2 | - | 23263.47m² | 16284.43m² | 6.00м | П | 16284.43m² | 70.0% | 0.70 |
| 4 | Е | Е2 | - | 16674.08m² | 11671.85m² | 6.00м | П | 11671.85m² | 70.0% | 0.70 |
| / | Д | Д2 | ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО | 728.46m² | / | / | / | / | / | / |
| / | Е | Е1 | СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ | 4453.79m² | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно | | | | 80716.61m² | 52874.05m² | | | 52874.05m² | 65.5% | 0.66 |

## 2. БИЛАНСНИ (СПОРЕДБЕНИ ) ПОКАЗАТЕЛИ

Споредбените податоци се земени за постојна состојба и планирана состојба.

**ПОСТОЈНА СОСТОЈБА 2019 година**

| УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - ФОТОВОЛТНИ ЦЕНТРАЛИ НА КП 256 И ДЕЛ ОД КП 21/1, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА | | |
|---|---|---|
| НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 80716.61 m² | 100.00% |
| ВКУПНО | 80716.61 m² | 100.00% |

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА 2019 – 2029 година**

| УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - ФОТОВОЛТНИ ЦЕНТРАЛИ НА КП 256 И ДЕЛ ОД КП 21/1, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА | | |
|---|---|---|
| Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО | 728.46 m² | 0.90% |
| Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | 4453.79 m² | 5.52% |
| Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА | 75534.36 m² | 93.58% |
| ВКУПНО | 80716.61 m² | 100.00% |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

ИЗВОД БРОЈ: 53

Број: УП I 10-124 од 17.05.2023

УП : Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.256 и КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија

Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и локален економски развој

Одлука бр.: 08-817/6 од 31.10.2022

Намена на градба: Е 1.13 – фотоволтаични централи
Е 1.8 – трафостаница

К.О. Бистренци К.П. КП.Бр.256 и КП.Бр.21/10

ДЛ: _____ (број на детален лист) М 1: 1000 (размер)

ИЗВОД ЗА ГП 1.1

СОДРЖИ:

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. **Заверена копија од синтезен план во идентична форма**
   - легенда
   - табела со нумерички показатели

   **По потреба и заверена копија од други графички прилози со легенда**

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

   **Заверена копија од:** општите и посебните услови за градење, мерки за заштита на културното наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.

   **По потреба заверена копија од други услови**

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ

Изготвил: Билјана Толкова


Контролирал: Тони Петков

Одобрил: Благој Јовановски


Градоначалник

Лазар Петров


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА





РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
„ГРАДОНАЧАЛНИК"
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА





РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
„ГРАДОНАЧАЛНИК"
„ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА"





РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА




РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА




РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА


ТЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ
К.О. Бистренци
1:1000
ГЕОДЕТИК ДООЕЛ СКОПЈЕ
Скица 1
ТЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ
К.О. Бистренци
1:1000
ГЕОДЕТИК ДООЕЛ СКОПЈЕ
Скица 2
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ПОСТАВЕНИ НА ЗЕМЈИШТЕ, НА КП.БР.256 И КП.БР.21/10, К.О.БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
М=1:1000
ЛЕГЕНДА:
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
КЛАСА НА НАМЕНА
ПОЗИЦИЈА
КЛАСА НА НАМЕНА:
ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ
ТРАФОСТАНИЦА
ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА:
ПРИСТАПЕН ПАТ
ВОДОВИ НА ИНФРАСТРУКТУРА:
ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА
ПЛАНИРАНА АТМОСФ. КАНАЛИЗАЦИЈА
НАРАЧАТЕЛ:
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА СО НАМЕНА Е1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ПОСТАВЕНИ НА ЗЕМЈИШТЕ, НА КП.БР.256 И КП.БР.21/10, К.О.БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
ПЛАН НА ПАРЦЕЛАЦИЈА
Blagoja Radevski
ОДГОВОРНО ЛИЦЕ:
БЛАГОЈА РАДЕВСКИ, дипл. инженер за
СОРАБОТНИЦИ:
МАРИЈА РАДЕВСКА
ДУШАН ЈЕРОСКИ
МАРГАРИТА ЈОВАНОВСКА
УРАНИТЕЛ:
БЛАГОЈА РАДЕВСКИ
ТЕХ.БРОЈ
ВИДОТО-
ДАТА:
РАЗМЕР:
ЛИСТ БРОЈ:
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА ,ВО КОЈА Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ ВО КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ПОСТАВУВААТ ПОВЕЌЕ ГРАДБИ

### 3.1. ДЕЈНОСТИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ОДВИВААТ ВО ГРАДБИТЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА СЕКОЈА ГРАДБА ПОЕДИНЕЧНО

Просторот дефиниран за изработка на **Урбанистички проект со план за парцелација со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.256 и КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија** со намена **Е1.13-Соларни и фотоволтаични електрани,** со својата местоположба припаѓа на територија на **Општина Демир Капија.** Предмет на овој урбанистички проект е формирање на градежна парцела со намена

Е – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Е1.13 – Соларни и фотоволтаични електрани

За предметниот проектен опфат изработен е **Извод од план: 40 (УП вон населено место за изградба на Е2-Комунална супраструктура - Фотоволтни централи на КП256 и дел од КП21/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија) со број 08-178/6 од 04.03.2022**.

Предметниот опфат за кој се изработува **Урбанистички проект со план за парцелација со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.256 и КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија,** е со површина од **80715.60м2**. Истиот со својата местоположба припаѓа на територија на К.О.Бистренци, Општина Демир Капија.

Планираниот опфат на **Урбанистички проект со план за парцелација со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.256 и КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија** е лоциран во К.О.Бистренци, Општина Демир Капија и истиот зафаќа неизградено земјиште.

Проектниот опфат опфаќа повеќе катастарски парцели внесени во геодетскиот елаборат за ажурирана геодетска подлога.

Границата на проектниот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, претставена со координатите по X и Y за секоја прекршна точка, означени со редни броеви од Т1 до Т32 и истите се дадени во табеларен приказ:

| | X | Y |
|---|---|---|
| Т1 | 7601322.10 | 4590715.85 |
| Т2 | 7601341.56 | 4590721.40 |
| Т3 | 7601359.61 | 4590720.60 |
| Т4 | 7601382.12 | 4590719.06 |
| Т5 | 7601415.06 | 4590714.29 |
| Т6 | 7601481.74 | 4590706.72 |
| Т7 | 7601488.41 | 4590707.88 |
| Т8 | 7601490.29 | 4590686.29 |
| Т9 | 7601487.49 | 4590655.90 |
| Т10 | 7601480.19 | 4590624.61 |
| Т11 | 7601446.99 | 4590627.09 |
| Т12 | 7601441.83 | 4590611.98 |
| Т13 | 7601346.82 | 4590440.49 |
| Т14 | 7601345.35 | 4590440.94 |
| Т15 | 7601279.33 | 4590460.36 |
| Т16 | 7601272.11 | 4590446.66 |
| Т17 | 7601291.24 | 4590410.19 |
| Т18 | 7601301.25 | 4590344.99 |
| Т19 | 7601299.23 | 4590331.48 |
| Т20 | 7601298.05 | 4590313.41 |
| Т21 | 7601297.14 | 4590294.01 |
| Т22 | 7601299.62 | 4590271.82 |
| Т23 | 7601305.31 | 4590248.51 |
| Т24 | 7601311.72 | 4590217.98 |
| Т25 | 7601252.53 | 4590201.92 |
| Т26 | 7601218.78 | 4590325.55 |
| Т27 | 7601102.37 | 4590414.88 |
| Т28 | 7601152.90 | 4590527.31 |
| Т29 | 7601198.02 | 4590541.93 |
| Т30 | 7601242.15 | 4590603.02 |
| Т31 | 7601295.75 | 4590630.82 |
| Т32 | 7601284.83 | 4590657.53 |

Предметната локација е опфатена во рамките на Просторниот план на РМ, **К.О.Бистренци, Општина Демир Капија,** според која е изработен **Извод од план: 40 (УП вон населено место за изградба на Е2-Комунална супраструктура - Фотоволтни централи на КП256 и дел од КП21/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија) со број 08-178/6 од 04.03.2022.**

Бидејќи се работи за опфат за кој се изготвува урбанистичко-проектна документација, за изградба на соларни и фотоволтаични електрани во **К.О.Бистренци, Општина Демир Капија,** т.е. истиот е лоциран во изводот од планот, проектниот опфат се однесува само на предметната локација.

Создадените услови на просторот кој е предмет на изработка на оваа урбанистичка документација, се и проектната програма, постојната состојба и увидот на лице место.

Проектниот концепт за просторниот развој предложен во планската документација се темели на максимално почитување на веќе создадените вредности како и од самата специфичност на класата на намена на третираниот проектен опфат.

- **Намена на површини**

Во урбанистичкиот проект за инфраструктура предвидени се следните наменски употреби на земјиштето, односно класи на намени:

- Е - СООБРАЌАЈНИ, ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ

**Е1.13 - СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ**

Во границата на планираната градежна парцела се планирани површини за градење со основна класа на намена **Е1.13-СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ** и истите се разработени и дефинирани просторните и градежните услови неопходни за изградба како и начинот на употреба на градбите согласно планираната намена на објектите и земјиштето, како и начинот на одвивање на активностите и дејностите во градежната парцела согласно класата на намени утврдена во урбанистичкиот план, како што се точните површини за градење, максималната висина и катноста на градбите, односно разработка на ориентациона површина за градење утврдена во урбанистичкиот план, прво и второстепена архитектонска пластика, внатрешен сообраќај, партерно решение и други урбанистичко-архитектонски параметри.

- **Функционална организација на просторот**

Подрачјето опфатено со УП предвидено во рамките на градежниот опфат, треба да функционира во корелација со целокупните функции на општина Демир Капија. Со оглед на местоположбата на проектниот опфат кој што е лоциран во населеното место, истиот е функционално поврзан и со целокупната поблиска и поширока околина, преку постоечкиот локален пристапен пат. Функционалната организација внатре е поделена согласно на неговата намена како и со потребите на идните инвеститори односно сопственици, па со изработка на идејниот проект се решени функциите внатре во границата на проектниот опфат, односно во границата на градежната парцела, притоа во целост почитувајќи ги барањата на инвеститорите и условите од планираниот УП.

- **Сообраќај**

Градежната парцела е лоцирана непосредно локални пристапни патишта од неговата источна и јужна страна. Влезот во градежната парцела е планиран од тие страни на проектниот опфат. Попречните профили односно рангот на планираната улица, се преземени од ажурираната геодетска подлога за проектниот опфат. **Паркирање**

Паркирањето треба да се планира во рамките на градежната парцела дефинирани според планираниот **Урбанистички план со план за парцелација со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.256 и дел од КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија** за градежната парцела ГП_1.1, и истото треба во

целост да биде планирано во партерниот дел на градежната парцела, со влез преку пристапна улица. Бројот на паркинг места е дефиниран согласно член 134, точка 1 од Правилникот за урбанистичко планирање (С. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22)

- **Зеленило и слободни површини**

Зелените површини во рамките на парцелата се застапени во однос кој е дефиниран со **Законот за урбано зеленило („Сл. весник на РМ" бр.11/18).** Во планираниот **Урбанистички план со план за парцелација со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.256 и дел од КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија** со извесно ангажирање околу изборот на зеленилото ќе се постигне потребниот ефект за задоволување на функционалните и естетските потреби на парцелата. Околниот простор е делумно е природно озеленет.

- **Градежни и регулациони линии и максимални висински коти**

Регулационата линија во целост се совпаѓа со постојната сообраќајница (пристапна улица). Површината за градење е регулирана со градежни линии и истата е во согласност со: Максималните висини на планираните објекти согласно со планираниот УП, и е дадена во метри H=5.00м, и во катови П.

- **Услови за уредување на градежната парцела и изградба на оградни ѕидови**

Градежната парцела е дефинирана врз основа на член 2, точка 9, од **Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 32/20)**, која е дефинирана согласно планираниот **Урбанистички план со план за парцелација со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.256 и дел од КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија** , како и ажурираната геодетска подлога. Во рамките на границата на градежната парцела треба да се обрне внимание на партерното уредување на опфатот во кој се јавуваат како содржини, уредување на влезната партија, зеленило, огради, пристапи и слично. Оградата да биде со максимална висина 2,2 м, при што полн ѕидан парапет со максимална височина од 1,2 м, а останатиот дел од оградата да биде транспарентен. Сопствениците на комплексот се должни постојано да ги одржуваат објектите, зеленилото, оградата и другите урбани елементи.

- **Генерални водови и објекти од сообраќајна и друга инфраструктура**

Во фазата за изработка на **УП** анализирана е целокупната состојба на објектите на комуналната инфраструктура во поблиската и подалечната околина на комплексот.

Врската со поширокаата околина е воспоставена преку локалната патна мрежа . Во поглед на можноста за приклучување на патната мрежа, планскиот опфат непосредно се наоѓа до некатеризиран локален пат. Влез во градежната парцела е од источната страна и од јужната страна на проектниот опфат, односно од пристапна улица, преку која проектниот опфат се поврзува со поширокаата околина и со Регионот. Можноста за поврзување на електро енергетската мрежата е планирано од постојната-улична мрежа. Условите и енергетската огласност за приклучок се во надлежност на ЕВН на Македонија. Примарно, снабдувањето на објектите со санитарна вода е од постојнатат водоснабдителна улична водоводна мрежа. Одводнувањето на отпадни води (фекални) ќе се реализира преку ново планираната фекална канализација,која се надоврзува на планирана септичка јама. Површинските атмосферски води се регулирани и истите ќе се одведуваат во самата локација. Како што е погоре кажано овие мерки се предвидуваат за превентивна заштита на подземните и површинските водотеци од загадување и непречено функционирање на објектите.

## 4.ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

**Урбанистички план со план за парцелација со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.256 и дел од КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија**, со основна класа на намена **Е1.13-Соларни и фотоволтаични електрани**, се изработува врз основа на членот 62 од **Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 32/20)**.

Општите и посебните одредби за градба се дел од условите од планираниот: **Урбанистички план со план за парцелација со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.256 и дел од КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија.**

При изработката на овој УП, општите услови се во целост составен дел на посебните услови на УП.

Општи параметри за спроведување на планот:

- **Регулаторни линии** се линиски симболи што преставуваат графички плански одредби во урбанистички план со кои се вршат примарната, секундарната и терцијалната делба на градежното земјиште, како што се регулационата линија, границата на градежната парцела и градежната линија и кои служат за планирање на генералната и на деталната регулација во урбанистичкото планирање;

**Регулационата линија** е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и градежното земјиште парцелирано на градежни парцели наменети за поединечна градба.

**Градежна парцела** е најмала единица на градежно земјиште што е оформена со урбанистички план и на кое е планирано градење на градба, при што парцелата е ограничена со регулациона линија и граници на градежната парцела и го опфаќа земјиштето под градбата и дворното место односно земјиштето за редовна употреба на градбата.

**Градежната линија** е регулаторна линија во урбанистички план која ја определува и ограничува површината за градење во рамките на градежната парцела односно линија до која што во градежната парцела може да се планира површина за градење или изградба на објектот.

- **Дозволена максимална висина за градба**

Максимална височина за градба е изразена како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата .

Максималната височина е изразена во должни метри и тоа за секој поединечен објект . Горниот венец е секогаш во вертикална рамнина со градежната линија, а отстапување е можно во рамките на фасадната пластика согласно **Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22)**.

- **Површина за градба**

Површината за градба е дефинирана со границите на градежните линии дадени во графичкиот дел од УП.

Во градежната парцела има предвидено една површина за градење, која е дефинирана согласно член 62 од **Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 32/20)**, како и **Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22)** .

- **Коефициент на искористување и процент на изграденост**

Коефициент на искористување на земјиштето е дефиниран во планираниот УП и истиот изнесува 0.94 за КП.Бр.1.1.

Процент на изграденост на земјиштето е дефиниран во планираниот УП и истиот изнесува 94.21% и е во границите на нормативите за оваа градежна парцела.

- **Обележување на парцелите и објекти**

Обележувањето на градежните парцели и објекти во УП се обележани со двочлена номенклатура, градежната парцела е означена со арапски цифри 1.1 Нумерацијата на градежната парцела во проектот е означена со арапски цифри 1.1.

- Доколку во посебните услови за градба за парцелата 1.1. е потребно да се предвиди

трафостаница, истата ке се планира во склоп на слободниот простор нас локацијата, по добивањето на условите од ЕВН за одобрување на Основниот проект и тоа во партерниот дел на градежната парцела.

## 5. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБА по **Урбанистички план со план за парцелација со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.256 и дел од КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија**.

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ - ПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| нумерација на градежна парцела по УП | површина на проектен опфат (m2) | површина на градежна парцела (m2) | намена на површини | површина по намени (m2) | процент % |
| 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 |
| ГП1.1 | 80715.60 | 80715.60 | Е1.13 - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ | 80697.60 | 99.98% |
| | | | Е1.8 - ТРАФОСТАНИЦА | 18.00 | 0.02% |
| | | | ВКУПНО | 80715.60 | 100.00% |

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Урбанистички проект со план за парцелација со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.256 и КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија** | | | | | | | | | | |
| Број на градежна парцела | Група на класа на намени | Основна класа на намени | Површина на градежна парцела м2 | Број на површина за градење | Површина за градење м2 | Вкупно изградена површина на сите катови м2 | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност (k) | катност | максимална висина |
| 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 |
| 1.1 | Е1 | Е1.13 | 80715.6 | 1.1.1 | 76021.99 | 76021.99 | 94.19 | 0.94 | П | 5.00 м |
| | | Е1.8 | | 1.1.2 | 18.00 | 18.00 | 0.02 | 0.0002 | | |
| ВКУПНО: | | | 80715.6 | | 76039.99 | 76039.99 | 94.21 | 0.94 | | |

**Градежна парцела: ГП_1.1 на КП.Бр.256 и КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија**

Класа на намена: **Е1.13-Соларни и фотоволтаични електрани**
Површина на градежна парцела .....П=80715.60м2,
Површина за градба(фотоволтаични електрани) .....П=76021.99м2,
Површина за градба (трафостаница)..... П=18.00м2,
Вкупно изградена површина .....П=76039.99м2,
Мах. висина до венец во метри .....Н=5.00м,
Мах. висина во катови .....П.
Процент на изграденост.....94.21%,
Коефициент на искористеност .....0.94,
Кота на нулта точка .....од 0.00м - 1,20м
Компатабилни класи на намена..... -

Колскиот пристап до градежната парцела е обезбеден од локалните пристапна патишта/улици.

Паркирањето ќе се планира во рамките на градежната парцела ГП_1.1, и истото во целост е траба да е планирано во партерниот дел на градежната парцела, со влез и излез преку локалната пристапни улици на источната и јужната страна.

## 6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

### 6.1 Мерки за Заштита на животна средина

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Законот за животна средина (Сл.в. на Р.М. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).

Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11,59/12, 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за води (Сл.в. на РМ, бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13,180/14, 146/15 и 52/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на РМ 79/07, 124/10, 47/11,163/13 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл. Весник на РМ 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11,59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување,ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

### 6.2 Заштита и спасување

Мерките за заштита и спасување се остваруваа преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во опласта за кои се основани. Врз основа на Закон за заштита и спасување („Сл. весник на РМ.“ бр. 36/04, 49/04, 86/08,124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), иницијатива за изработка на **Урбанистички план со план за парцелација со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.256 и дел од КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија** е покрената по барање на Инвеститорот **Општина Демир Капија.**

Се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Северна Македонија.

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности од природни непогоди, и други несреќи;
- преземање на мерки за превенција за ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош преку единствениот систем за известување;
- обука, тренинг и вежби за оспособување за заштита, спасување и помош;
- организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;

- самозаштита, самопомош и заемна помош;
- мобилизација и активирање на силите и средствата за заштита и спасување;
- одредување и спроведување на заштитните мерки;
- спасување и помош;
- отстранување на последиците од природни непогоди, и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- давање помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди и други несреќи;
- давање помош на други држави кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа;
- примање помош од други држави;
- идентификација и процена на опасностите;
- водење на база на податоци на сите извори на ризици и опасности од природни непогоди и други несреќи и
- изработка на процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и планови за заштита и спасување и ажурирање на истите.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

**Урбанистичко-технички мерки се:**

-засолнување
-заштита и спасување од поплави
-заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи -заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
-заштита и спасување од урнатини
-заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
-спасување од сообраќајни несреќи.

**Хуманитарни мерки се:**

-евакуација со згрижување на загрозеното и настраданото население
-радиолошка, хемиска и биолошка заштита
-прва медицинска помош
-заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
-заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и асанација на теренот.

### 6.3 Заштита и спасување од техничко-технолошки катастофи

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на појава на пожар или експлозија, и заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите или последици од пожар и експлозии. Заради неопходна навремена и ефикасна превентивна припрема и подготвеност за спроведување на мерките за заштита и спасување во проектната документација потребно е да се изработи проект за одржување на објектот, елаборат за геомеханички испитувања и слично, како предуслов за спречување на настанувањето или за ублажување на последиците од природните непогоди или други несреќи кои можат да настанат при работа на опремата во објектот.

### 6.4 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.
Населението во подрачјето со кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Локацијата на машинската зграда се наоѓа надвор од населено место што претставува олеснителна околност при потребата за спроведување на мерките за евакуација.

### 6.5 Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

### 6.6 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен,воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примената на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18). Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштиита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди. Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. 36/04,49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 70 и Правилник замерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи(Сл.весник на Р.М. 231/20).

Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција/пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материии дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони

единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Во објекти и простори во коишто се произведуваат, преработуваат, користат и складираат опасни материи, ако природата на работата не еповрзана со таква потреба, се забранува :

- употреба на отворен оган, светилки со пламен и средства за палење;
- користење на грејни уреди со отворен оган, вжарена и прекумерна загреана површина;
- складирање на материи со опасност од самозапалување;
- користење уреди и инсталации кои можат да предизвикаат пожари и експлозии;
- движење и престој на неповикани лица и употреба на алат кој создава искри.

За мерките за забрана од ставот 1 на овој член, сопственикот, односно корисникот е должен да истакне знаци за забрана и предупредување на видно место на објектот и на просторот.

Запаливи материи не треба да се складираат на отворен простор поблиску од 6 метри од објектот, на мансардите во згради, столбишта, ходници и други комуникации.

Отпадните и други запаливи материи треба да се отстрануваат, односно складираат на посебно определени противпожарно обезбедени места, кои не претставуваат опасност за непосредната околина.Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

За правилно изведување на инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член, се одговорни инвеститорите и изведувачите.

Инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член, мораат редовно да се одржуваат во исправна состојба согласно со техничките прописи и правилата на техничката практика.Сопственикот, односно корисникот на објектот е должен да се грижи за одржување на инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член.

Сопствениците односно, корисниците на деловни и индустриски објекти кои не изработуваат планови за заштита и спасување, се должни да имаат „Пожарен куќен ред", поставен на видно место во објектот.

Пожарниот куќен ред од ставот 1 на овој член, содржи:

- мерки за заштита од пожари соодветна на животните и работните услови во објектот;
- организација на заштита од пожари и
- упаство за постапка во случај на пожар.

Сообраќајниот систем во локалитетот треба да овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот да се планира непречено движење на пожарните возила. Сообраќајниците да се така планирани да овозможуваат непречен пристап на пожарните возила до објектите и да се со доволна широчина (3,5м за еднонасочен сообраќај, односно шест метри за двонасочен сообраќај), за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичниците на пристапниот пат треба да бидат со височина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот, а колозовната конструкција на пристапот да се димензионира на осовински притисок од најмалку осум тони.

Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, надвозници и др. отвори, минималната димензија на светлиот отвор на проодот се: 3,5м широчина и 4,5м височина.

Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, надвозници и др. Отвори кои се наоѓаат во кривина, минималната димензија на светлиот отвор на проодот се: 4м широчина и 4,5м височина.

При проектирањето на новопланирани објекти, во документацијата да биде решена и громобранската инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптеретување на

новопланираните објекти.

Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник f 80 мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од f 80 мм да се постават противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку f 80 мм.

Растојанието меѓу надворешните хидранти се определува во зависност од намената, од големината и од слични карактеристики на објектот, со тоа што пожарот на секој објект ќе може да се гасне со најмалку два надворешни хидранта. Дозволеното растојание меѓу два хидранта изнесува најмногу 80м. Во населени места во кои се наоѓаат претежно стамбени објекти, растојанието меѓу надворешните хидранти изнесува најмногу 150м.

Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5м, а најмногу 80м.

Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

### 6.7 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04,49/04, 86/08, 124/10,18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивнисредства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

### 6.8 Заштита и спасување од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини и нивниот однос спрема слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.

При планирањето е водено сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптмално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Р.Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Просторот на предметниот проектен опфат се наоѓа во зона на граница од 8 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти. Новите објекти да бидат изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

### 6.9 Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижување на настрадано и загрозено население е предвидено согласно член 86 од Законот за заштита и спасување. Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на документацијата за предметниот простор, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

- Просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија - електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир, во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- На просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија - електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир, ќе има и негативни влијанија врз животната средина, во текот на подготвителните активности заради реализацијата на земјените работи и употреба на градежна механизација. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.
- Анализите на начинот на изведба, активностите кои би се одвивале на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија - електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир и активностите кои би се превземале во насока на одржување во текот на експлоатациониот период, овозможуваат утврдување на изворот на евентуалните негативни влијанија врз животната средина во текот на двете фази. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Предметниот опфат нема конфликт со постојните планирани енергетски водови, радиокомуникациско кабелски електронско комуникациски мрежи и гасовод и нафтовод.
- На предметниот простор со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија - електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на планската документација или при уредување на просторот се дојде до одредени сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на документацијата потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.

- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

**При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија - електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

### *Усогласување на планската документација со Просторниот план*

**Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:**

- Државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- Енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- Градежните објекти важни за Државата;
- Капацитетите на туристичката понуда;
- Стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- Капацитетите за користење на природните ресурси.

**Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:**

- Намената и користењето на површините;
- *Мрежата на инфраструктура;*
- Мрежата на населби;
- Заштитата на животната средина.

**Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).**

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија - електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир Капија. Должината на трасата изнесува околу 375 m. Трасата се граничи со издадени:

- Услови за планирање на просторот за Урбанистички план за вон населено место за изградба на Е2-комунална супраструктура (фотоволтаични централи) на делови од катастарските парцели КП 21/1, КП 21/2, КП 230/1, КП 230/2 и КП 1208, КО Бистренци, Општина Демир Капија, со тех.бр Y14718;
- Дополна на услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Бистренци, Општина Демир Капија, со тех.бр Y14718i;
- Услови за планирање на просторот за Урбанистички план за вон населено место за изградба на Е2-комунална супраструктура (фотоволтаични централи) на КП 256 и дел од КП 21/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија, со тех.бр Y17418.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при поставување на планските концепции и решенија во сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на документацијата треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

*Економски основи на просторниот развој*

- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.
- Поставувањето на електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир Капија ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор.
- Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат.

***Користење и заштита на земјоделско земјиште***

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

***Водостопанство и водостопанска инфраструктура***

- За наводнување на обработливите површини во ВП „Среден Вардар“ изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 4390ha, а има можности за наводнување на уште 15203 ha. При изработката на документацијата да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и соодветно на тоа да се предвидат мерки за нејзина заштита и непречено функционирање.

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

- **Локацијата со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија - електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир, нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.**
- За електроенергетските корисници потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

***Урбанизација и мрежа на населби***

- **Иницијативата за поставување на електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир Капија, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**
- **Изградбата на водот ќе обезбеди поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Р. Северна Македонија.**

***Домување***

- **Иницијативата за поставување на електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир Капија, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична**

**енергија во овој дел на Република Северна Македонија, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот како негова основна клетка.**

*Јавни функции*

- **Иницијативата за поставување на електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир Капија е надвор од урбаниот опфат на населбите, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции (локации со намена образование, култура, здравство и спорт и рекреација) што значи дека се исклучени можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

*Индустрија*

- *Со планскиот и организиран начин на ширење на инфраструктурата и* создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.
- **Реализација на документацијата со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија - електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир, ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор.**

*Сообраќајна инфраструктура*

- **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**
  **А1** - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3).
- **Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р2" и е со ознака:**
  **Р2137 -** Врска со Р 1102 -Војошанци-Корешница-врска со Демир Капија (Р 1102).
- **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, законската регулатива во делот на "заштитната зона на патот" согласно Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

*Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа*

- **Трасата за електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир Капија, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во

согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

*Заштита на животна средина*

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија - електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир Капија, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на поставување, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

*Заштита на природното наследство*

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија - електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир Капија, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор,

потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

*Заштита на културно наследство*

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Бистренци има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

*Туризам и организација на туристички простори*

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Средно - Вардарски туристички регион со утврдени 6 туристички зони и 24 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува и Транзитниот туристички коридор.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

*Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи*

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија - електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства и во простори погодни за слободни територии.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Согласно Просторниот план на Република Македонија, локацијата со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија - електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир се наоѓа во потенцијална зона на свлечиште. Доколку на предметната локација се**

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

**потврди веројатноста за настанување на свлечишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.**

- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

***Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина***

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија - електричен кабелски подземен вод до 35 kV во КО Бистренци, Општина Демир, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*


Тема:
*Биланс на намена на површините*

## *Користење на земјиштето*

*Карта бр. 20*

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Просторно-функционална организација*

## *Систем на населби и сообраќајна мрежа*

*Карта бр. 22*

Легенда:


Центар на макрорегион
Центар на микрорегион
Центри на просторно-функционални единици
Управа
Просторно-функц. единици
Граници на влијанија на макрорегион. центри
Општински центар

**Образование**
Средно Вишо Високо

**Здравствена заштита**
2 Секундарна 3 Терцијална

**Оски на развој**
источна
јужна
север-југ
северна
западна

Слободна економ.зона
Автопат
Магистрален пат
Регионален пат
Железничка мрежа
Воздухоплов. пристан.
Стопански аеродром
Спортски аеродром



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Техничка инфраструктура*

## *Водостопанска и енергетска инфраструктура*

*Карта бр. 23*


Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*


Тема:
*Заштита на животната средина*


## *Реонизација и категоризација на просторот за заштита*

*Карта бр. 24*

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини






СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ
размер 1 : 1300
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба до 35 кВ електричен кабелски вод , со намена Е1.8 - инфраструктури за пренос на ел. енергија, на КП 21/1дел, КП230/1дел и КП1208/3дел КО Бистренци, Општина Демир Капија

ЛЕГЕНДА

- опфат
- граница на катастарска парцела
- состојба од терен - земјен пат
- изохипса 0,5 м
- изохипса 1 м
- изохипса 5 м


199.24 кота на терен
46 број на дет. то;ка
21/2 број на кат. парцела

ГЕО ТОПОКАТ доо Подружница Неготино

изработил, Доне Ѓорѓиев овластен геодет _____

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, ЗА ИЗГРАДБА ДО 35 KV ЕЛЕКТРИЧЕН КАБЕЛСКИ ПОДЗЕМЕН ВОД, СО НАМЕНА Е 1.8 - ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, НА КП 21/1 -ДЕЛ, КП 230/1 - ДЕЛ И КП 1208/3 - ДЕЛ, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**

## ЛЕГЕНДА:




граница на проектен опфат, P=0.2203 ха

**ПРОЕКТНА ПРОГРАМА**
**АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА**

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| РАКОВОДИТЕЛ: Јован Ристовски д.и.а. овластување бр.0.0350 | | ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 05-06/2024<br>ИНВЕСТИТОР: **Дпевту МИТ СОЛАР ДООЕЛ Скопје** | Арх и Конс Јован дооел Кавадарци - лиценца<br>jtstovski2000@yahoo.com<br>**ул. „Вишеница„ бр 21, Кавадарци**<br>**Тел. : 043 400- 402** |
| ПЛАНЕРИ: Јован Ристовски д.и.а. овластување бр.0.0350 Левче Спасовска д.и.а. овластување бр.0.0349 | | ПЛАН: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба до 35 kv електричен кабелски подземен вод, со намена Е 1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија, на КП 21/1 -дел, КП 230/1 - дел и КП 1208/3 - дел, КО Бистренци, општина Демир Капија | |
| Датум: 12/2024 | | **ПРОЕКТНА ПРОГРАМА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА** | |
| Управител: диа Јован Ристовски овластување бр.0.0350 | | Мера: M=1 : 1000 | |

## 1. Проектна програма

Проектната програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба до 35 kv електричен кабелски подземен вод, со намена Е 1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија, на КП 21/1 -дел, КП 230/1 - дел и КП 1208/3 - дел, КО Бистренци, општина Демир Капија е изработена согласно член 62, став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/2020, 111/23, 171/24, 224/24) и истата е издвоена во засебен дел.

## 2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТКОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА, ВО КОЈА Е УТРВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ

### Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно

Проектниот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој, имплементација на Планската програма со определување на градежна парцела, како и насоките од Условите за планирање на просторот коишто произлегуваат од Просторниот план на Р.М.

Концептот е во директна зависност од природните фактори, конфигурацијата на теренот, можностите за просторна композиција, како и специфичната намена на просторот, технологијата на работа и посебните барања во однос на организација и намена на просторот коишто од тоа произлегуваат. Концептот е поставен врз принципите на одржливиот развој, а е условен од мерките на заштита на животната средина, заштита и спасување.

Концептот со соларна енергија е предложен поради поволните услови, со оглед на тоа дека предметниот опфат се наоѓа на неизградено и неискористено земјиште, до кое може лесно да се спроведе соодветен пристап и инсталации, е погодно за спроведување на урбанизација и да се користи како извор на електрична енергија од обновливи извори.

Искористувањето на конфигурацијата на теренот и другите природни фактори и вклопувањето на предвидените објекти во тој амбиент дава можност за добар просторен развој и производни капацитети.

Реализацијата на планот ќе го обнови неплодното земјиште со двоен позитивен ефект врз животната средина, ќе придонесе за зајакнување на енергетската независност на Р.С.Македонија и ќе помогне во постигнувањето на европските емисии на стаклени гасови и еколошките цели и заложби на државата.

За предметниот локалитет како показател користени се одредбите од услови за планирање на просторот број Y31424 од август 2024. За кои е издадено решение за услови за планирање на просторот од МЖСПП – Сектор за планирање со бр. УП1-15-1603/24 од 14.11.2024 год. Проектниот опфат зафаќа површина од 0,2202 ха. Условите за планирање на просторот, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилози, или прилози кои ги прикажуваат решенијата на планот.

За дел од проектниот опфат е донесен Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е 1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште , на КП 21/1, КП 21/2, КП 21/12, КП 230/2, КП 230/9, КП 230/10, КП 1208/1, КО Бистренци, општина Демир Капија и за истиот има добиено Потврда за одобрување со арх.бр. 04-901/4 од 30.11.2022 на северната страна од опфатот и Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 - комунална супраструктура, фотоволтни централи , на КП 256, дел од КП 21/1, КО Бистренци, општина Демир Капија арх.бр.04-817/6 од 31.10.2022 на јужната страна од опфатот.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при поставувње на планските концепции и решенија во сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на предметната документација треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на РМ.

Должината на кабелот изнесува 2 x 375 м’

Согласно јачината на два 10(20) Kv кабелски подземени водови, а согласно Законот за градење (Сл.весник на Р.Македонија бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и Сл.весник на Р.С. Македонија бр.244/19,18/20 и 279/20) оваа инфраструктура претставува објект од втора категорија, за кои надлежна е општина Демир Капија.

Предложената траса е вон опфат на важечки урбанистички план, и тангира со опфатите на Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е 1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште , на КП 21/1, КП 21/2, КП 21/12, КП 230/2, КП 230/9, КП 230/10, КП 1208/1, КО Бистренци, општина Демир Капија и за истиот има добиено Потврда за одобрување со арх.бр. 04-901/4 од 30.11.2022 на северната страна од опфатот и Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 - комунална супраструктура, фотоволтни централи , на КП 256, дел од КП 21/1, КО Бистренци, општина Демир Капија арх.бр.04-817/6 од 31.10.2022 на јужната страна од опфатот.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 2202 м$^2$.

Со овој УП се формира една градежна парцела, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 32/20 и 111/23, 171/24, 224/24).

## 2.1. Опис на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела

Проектниот опфат се разработува во една целина. Врз основа на насоките од одобрената Проектна програма, а согласно Правилникот за урбанистичко

планирање, урбанистичкиот проект во границите на проектниот опфат за површините за градба предвидува една наменска употреба на земјиштето кое е дефинирано како парцелирано градежно земјиште, односно една градежна парцела со намена:

**Група на класи на намена:**

**Е – Инфраструктури**

**класа на намена**

– Е1 – Сообраќајни линиски и други инфраструктури

**Поединечна намена:**

- Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за поврзување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија

Со оваа урбанистичко-проектна документација се утврдува простор во рамки на градежната парцела определен со градежна линија при што графички означената површина за градба е поголема од нумеричката вредност дадена во табелата и истата означува граница до каде можат да се планира градбата/е во градежната парцела, условени со дадените нумерички вредности.

## Нумерички показатели за проектниот опфат и објектите во проектниот опфат

**Намена:**Е1.8- Инфраструктури за пренос на електрична енергија – подземен кабелски 2x10(20)kV вод
**Површина на проектен опфат:** 2202 м²
**Површина за градење: 3**67 м²
**Вкупна изградена површина: 3**67м²
**Процент на изграденост:** /
**Коефициентнаискористеност:**/
**Паркирање:**
За ваков тип на објекти не се предвидува паркинг места.

**Површина за градење 1.1.**

**Намена:** Е1.8- Инфраструктури за пренос на електрична енергија – подземен кабелски 2 x 10(20)kV вод
**Површина за градење: 3**67м²
**Вкупна изградена површина: 3**67м²

**Намена на ГП:** Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија – подземен кабелски 2x 10(20)kV вод

**Површина на проектен опфат:** 2202 м²

**Површина за градба:3**67м$^2$
**Вкупно изградена површина:3**67м²

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И ГРАДБИТЕ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба на 10/20 KV електричен кабелски подземен вод, со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за поврзување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија, на КП 2397 -дел, КП 1804 - дел и КП 1805 - дел, КО Ресава, општина Кавадарци | | | | | | | | | |
| Површина на проектен | Бро јна површина за градба | поединечна намена | Максимална висина на градба | катност | Површина на намена | Површина за градба на инфраструкт | Должина на инфраструк тура | Процент наизграде ност | Коефициен т на искористен ост |
| 2202 m2 | 1.1 | Е1.8-Инфраструктуризапреноснаелектри чнаенергија - подземен кабелски 2x 10(20)kV вод | - | - | 2202m2 | 367m2 | 2x375 m' | - | - |
| **Вкупно:** | | | | | **2202m2** | **367m2** | **750 m'** | **-** | **-** |

## Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување напотребен број на паркинг места

До парцелата се пристапува преку земјен пристапен пат, кој е дел од проектниот опфат .

Согласно целите и барањата на инвеститорот, а во согласност со просторниот план на Р.Македонја, како и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 225/20, 219/21,104/22 и 99/23), предвидени е следната поединечна класа на намена:

- Е1.8–Инфраструктуризапреноснаелектричнаенергија

За оваа класа на намена не се планираат и не се потребни паркинг места.

## Партерно решение со хортикултура

Партерното решение на ниво на проектниот опфат останува самостојно да го решаваат сопствениците на градбите, но при тоа треба да се води сметка, со озеленувањето да се постигне поголем процент, како од естетски така и од заштитен аспект. Зеленилото во рамките на градежните парцели ќе има значајна функција во заштита на животната средина, но ќе има и забележителни пејсажни ефекти.

## Водови и инсталации на инфраструктурите

### Водовод и канализација

За овој тип на градба не е потребен приклучок на водоводна и канализациона мрежа.

### Електро-енергетика и ПТТинсталации

За предметниот проектен опфат приклучокот ќе биде преку МЕПСО.

### Телефонскамрежа

Согласно добиеното писмо од Телеком, на посочената предметна локација, нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи.
За овој тип на градба не е потребен телефонски и интернет приклучок.

## 3. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

За предметниот локалитет како показател користени се одредбите од услови за планирање на просторот број Y31424 од август 2024. За кои е издадено решение за услови за планирање на просторот од МЖСПП – Сектор за планирање со бр. УП1-15-1603/24 од 14.11.2024 год. Проектниот опфат зафаќа површина од 0,2202 ха. Условите за планирање на просторот, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилози, или прилози кои ги прикажуваат решенијата на планот.

### Општи услови за изградба

Урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 32/20 , 111/23, 171/24, 224/24).

1. Понатамошна разработка на УП ќе биде со основни проекти.
2. Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето дадени во условите за планирање на просторот, важат за сите новопланирани градежни парцели.
3. Изградбата на нови објекти, изградбата на супраструктурата и инфраструктурата како и вкупното просторно уредување на градежната парцела, треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на проектната документација.
4. Градежна линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба согласно Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.Македонија бр. 225/20, 219/21,104/22 и 99/23).
5. Основна класа на намена е Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија.
6. Услови за градење на објекти, содржат и посебни услови за изведба на сообрајќајна инфраструктура и посебни услови за изведба приклучоците или уредите за снабдување со вода, одводување на отпадни води, електро-комуникациска инфраструктура и др. При планирањето на комуналната инфратруктура, запазени се стандардите и нормативите, пропишани со Законот и подзаконските акти. Инфраструктурните водови како и приклучоците со надворешната инфраструктура, ќе се дефинираат со основни проекти за секоја фаза соодветно со точни пресметки за потреби и количини.
7. Сите параметри за уредување на просторот на проектниот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба на просторот во УП ќе бидат во согласност со Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.Македонија бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).
8. Сообраќајното решение за приклучок на објектот е планирано преку постоечките пристапни патишта.
9. Согласно Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се

утврдуваат: плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита. Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатови со културно-историска вредност, потребно е да се постапи согласно Законот за заштита на културното наследство, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство;

10. Врз основа на Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) за Урбанистички проект, се предвидуваат мерки за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија. Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон. Урбанистичко-технички мерки се: засолнување, заштита и спасување од поплави, заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства, заштита и спасување од урнатини, заштита и спасување од техничко- технолошки несреќи и спасување од сообраќајни несреќи. Хуманитарни мерки се: евакуација, згрижување на загрозеното и настраданото население, радиолошка, хемиска и биолошка заштита, прва медицинска помош, заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло, заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и асанација на теренот.

Сите параметри за уредување на просторот на проектниот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба на просторот во УП ќе бидат во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

## Нумерички показатели за проектниот опфат и објектите во проектниот опфат

**Намена:**Е1.8- Инфраструктури за пренос на електрична енергија – подземен кабелски 10(20)kV вод

**Површина на проектен опфат:** 2202 м²

**Површина за градење: 3**67 м²

**Вкупна изградена површина: 3**67м²

**Процент на изграденост:** /
**Коефициентнаискористеност:/**
**Паркирање:**
За ваков тип на објекти не се предвидува паркинг места.

**Површина за градење 1.1.**

**Намена:** Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија – подземен кабелски 2 x 10(20)kV вод
**Површина за градење:3**67м²
**Вкупна изградена површина:3**67м²

**Намена на ГП:** Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија - подземенкабелски 2x 10(20)kV вод

**Површина на проектен опфат:**2202 м²

**Површина за градба:3**67м$^2$
**Вкупно изградена површина:3**67м²

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И ГРАДБИТЕ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба до 35 kv електричен кабелски подземен вод, со намена Е 1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија, на КП 21/1 -дел, КП 230/1 - дел и КП 1208/3 - дел, КО Бистренци, општина Демир Капија | | | | | | | | | |
| Површина на проектен опфат | Бро ја површина за градба | поединечна намена | Максимална висина на градба | катност | Површина на | Површина за градба на инфраструктура | Должина на инфраструк | Процент | Коефициент на искористеност |
| 2202 m2 | 1.1 | Е1.8-Инфраструктуризапреноснаелектричнаенергија - подземен кабелски 10(20)kV вод | - | - | 2202m2 | 367m2 | 2x375 m' | - | - |
| **Вкупно:** | | | | | **2202m2** | **367m2** | **750 m'** | **-** | **-** |

## 4. Мерки за заштита

### 4.1. Мерки за заштита на животната средина

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба и други објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.
Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.
Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од “пасивниот” пристап со кој се применуваат заштитни мерки по

настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.
Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на Р.М. (член 8) е регулирана со Законот за животна средина (Сл.в. на Р.М. бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10, бр.124/10 и бр51/11). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16)
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 51/11, 100/12,163/13)
- Закон за водите (Службен весник на РМ бр.87/08, 6/09, 161/09, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 52/16)
- Закон за управување со отпад (Службен весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11, 51/11, 123/12, 163/13,39/16)
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на РМ бр. 79/2007, 124/10, 47/11, 163/13)
- Закон за заштита на природата (Службен весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/163, 163/13, 146/15, 39/16, 63/16)

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања на животната средина.

### 4.1.1 Мерки за заштита на почвата

Чиста и незагадена почва претставува еден од важните предуслови за заштита на животната средина. При изградба на новопредвидените содржини да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.
